Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-739/20
17.10.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-739/20
17.10.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 70 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 29.09.2023 година | **Време** | 12.00 – 14.00 часот |
| **Бр. на седница** | 70-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов и Букурије Јашари Мемети | | |

| ДНЕВЕН РЕД |
| --- |
| 1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 18.8.2023 година.<br>2. Усвојување на осмиот DESI Извештај на НКБК.<br>3. Разно. |
| ; |
| |

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 70-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 69-та седница, одржана на 18.08.2023 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, - Усвојување на осмиот DESI Извештај на НКБК., претседателот на телото Димитар Буковалов, отвори дискусија и даде збор на Славица Настеска да го презентира осмиот DESI Извештај. Од нејзина страна беше кажано дека овој Извештај опфаќа пократок период (мај 2023 година - септември 2023) и дека во табелите се презентирани податоци за DESIиндикаторите состојба на Q4/2022.

Понатаму се отвори дискусија околу табела 5 – Индикатори за димензија поврзливост, како и околу методологијата за класификација на пакетите на телеком операторите во однос на брзина и технологија.

По завршувањето на дискусијата, Буковалов го стави извештајот на гласање.

**Заклучок 1:** Членовите на НКБК едногласно го усвоија Осмиот Извештај за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП.

**Заклучок 2:** Усвоениот извештај ќе биде доставен до министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација, како и до директорот на Агенцијата за

електронски комуникации. Извештајот ќе биде проследен на превод на англиски јазик и истиот ќе биде поставен на веб страната на НКБК.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, Буковалов информираше дека коментарите на НКБК по однос на Draft Inception Report за Студијата за изводливост за развој на Националната оптичка транспортна мрежа (НТОМ), подготвен од страна на консултантската куќа COWI, се доставени до ЕУ канцеларијата во Скопје, како и до ИПА координаторот во Министерството.

Исто така беше кажано дека консултантите од консултантската куќа COWI не се во можност да пристапат до системите на АЕК со податоци за мрежна инфраструктура (ЕТИ и Системот за поддршка на имплементацијата на НОБП), што треба да биде разрешено во најбрз можен рок.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов**  ____________________